Ние во Алма-М веќе 33-та година сериозно ги проучуваме и подготвено ги пречекуваме сите промени и новости кои доаѓаат, преку развој, дејствување и трансформација на бизнисот, носејќи нови квалитети за нашите клиенти. Посветуваме посебно внимание на развој на човечките ресурси. Привлекуваме, развиваме и задржуваме најдобри професионалци и наградуваме за нивните резултати.

Alma M

**Алма – М ДООЕЛ**
Качанички пат бр.65а, Скопје
www.alma-m.mk
е-пошта: vrabotuvanje@alma-m.mk

објавува **ОГЛАС** за следната работна

| | |
|---|---|
| Позиција: | **ДЕЛОВЕН ПАРТНЕР ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** |
| Датум на објава: | 29 Мај 2024 |
| Рок за пријавување до: | 11 Јуни 2024 |
| Број на оглас: | О-240529-ЧР-ДП |
| Сектор: | Општи работи |
| Регион: | СКОПЈЕ |

**Работни задачи:**

- Организирање и учество во процеси на огласување, регрутација, селекција и вработување/пријавување, интеграција на нови вработени, нивна ориентација и следење, одржување точна и целосна евиденција, одјавувања и водење на досиеја на вработени;
- Ажурирање на апликации, одмори, отсуства од работа и слично;
- Следење, проверка и усогласување со законски прописи од областа на Човечки Ресурси, спроведување на евентуални промени во истата и информирање на вработени за промените;
- Помагање во развој на годишни планови и стратегии, подобрување и имплементирање на интерни политики, процедури и регулативи за човечки ресурси (кариера, обуки, планирање, оценување, советување, мотивирање на вработени);
- Асистирање во истражување на задоволството во врска со работни услови кај вработени и предлага мерки за подобрување на работни процеси (методи на KPI регрутирање, multisource feedback, upward feedback и слично);
- Организирање тим билдинг активности, патувања, превоз и слично;
- Водење (планирање, координација и реализација) на процеси за евалуација на вработени;
- Учествува во истражување, откривање и развивање на таленти и нови лидери во компанијата, референции за вработените, саеми за вработување, вмрежување и социјални медиуми;
- Анализа на податоци и изготвување извештаи во областа на Човечки ресурси;
- Идентификување и спроведување иницијативи за зголемување на задоволство од работата на вработените;
- Асистирање при решавање на предизвици во евентуални конфликти, дискриминација и било каков вид на психичко и сексуално вознемирување (мобинг), работни спорови, дисциплински постапки, барања и прашања од вработени и слично.

**Потребни квалификации и вештини**:

- Минимум високо образование во областа на Правни науки,
- Одлично познавање на англиски јазик,
- Компјутерска писменост: Познавање и работа со MS Office,
- Анализа на податоци и пишување на извештаи,
- Упорност, посветеност и подготвеност за работа долги часови,
- Одлична комуникација и професионално однесување,
- Организирана, мотивирана и стабилна личност,
- Динамичност, проактивност и насоченост кон резултати,
- Способност за индивидуална и тимска работа,
- Позитивен однос кон промени во брзо движечка околина,
- Возачка дозвола - категорија Б.

**Потребно искуство**:

- Професионално искуство од минимум 1 година во областа на правото.

**Работни услови:**

- Работниот однос се заснова на определено време од 1 месец (период на докажување на способности), со можност за продолжување.
- Дневно работно време е од 08.00-16.00 часот од понеделник до петок.

Сите што ги поседуваат горенаведените квалификации и вештини **СЕ ПОКАНЕТИ ДА АПЛИЦИРААТ со** нивната професионална биографија која може да ја доставaт на следната е-пошта:

vrabotuvanje@alma-m.mk со **задолжителна назнака на бројот на оглас, во насловот на пораката**.

**Напомена:**

- **САМО** кандидат(к)ите кои ќе влезат во потесен круг, ќе бидат контактирани.
- Апликациите **без назнака на бројот на оглас, во насловот на пораката, НЕМА** да бидат разгледани!
- Рок во кој ќе се изврши изборот со интервјуирање – доколку на огласов се пријават до 200 кандидати, изборот ќе се изврши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати, изборот се врши во рок од 90 дена и над 500 кандидати, изборот се врши во рок од 120 дена, по истекот на рокот за пријавување.
- Со поднесување на Вашата апликација за вработување (CV), потврдувате дека сте согласни Вашите лични податоци да бидат чувани во база и обработувани за намена за сегашно или идно вработување од страна на АЛМА-М ДООЕЛ Скопје или од трето лице ангажирано за таа цел согласно Закон. Доколку не сте согласни, Ве молиме тоа да го наведете во апликацијата.
- Ве молиме без телефонски јавувања

*АЛМА-М ДООЕЛ Скопје е секогаш отворена за соработка со кандидати кои се вредни ентузијасти и сакаат да работат со тим кој секогаш е спремен за нови предизвици во иновативна и динамична околина.*